**Консолидиран текст**

# ЗАКОН ЗА
# АГЕНЦИИТЕ ЗА ПРИВРЕМЕНИ ВРАБОТУВАЊА

("Службен весник на Република Македонија" бр. 49/06, 102/08, 145/10, 136/11 и 39/13)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредуваат условите и начинот на основање на агенции за привремени вработувања, како и условите и начинот на привременото вработување за вршење на привремени работи кај друг работодавач.

### Член 2

Привремени вработувања за вршење на привремени работи кај друг работодавач, може да врши приватна агенција за привремени вработувања со наплата на надоместок (во натамошниот текст: агенција за привремени вработувања), во согласност со овој закон.

### Член 3

Привремените вработувања агенцијата за привремени вработувања ги врши врз основа на претходно склучен договор за отстапување на работник меѓу агенцијата за привремени вработувања и друг работодавач корисник и договор за вработување склучен меѓу агенцијата за привремени вработувања и работникот кој се отстапува на друг работодавач корисник.

### Дефиниции

### Член 3-а

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. "Работник" е секое физичко лице кое е во работен однос врз основа на склучен договор за вработување;

2.„Агенција за привремено вработување" е правно лице, кое во согласност со закон склучува договори за вработување со привремени агенциски работници со цел да ги отстапи на привремена работа кај работодавачи корисници да работат под нивен надзор и раководство;

3."Привремен агенциски работник" е работник со договор за вработување со Агенција за привремено вработување кој има можност да биде отстапен на привремена работа кај работодавач корисник да работи под негов надзор и раководство;

4."Работодавач корисник" е правно или физичко лице за кого и под чиј

надзор и раководство работи привремен агенциски работник;

5.”Отстапување” е период во кој привремениот агенциски работник е отстапен на привремена работа кај работодавач корисник и

6.”Основни услови за работа и вработување” претставуваат условите за работа и вработување утврдени со законите и другите прописи, колективните договори и актите на работодавачот корисник, кои се однесуваат на должината на работното време, прекувремената работа, паузи, периоди за одмор, ноќна работа, празници и надоместоци.

Член 3-б

Основните услови за работа и вработување на привремените агенциски работници кои ќе бидат исполнети за времетраењето на нивното отстапување кај работодавачот корисник, се истите оние услови кои би се обезбедувале доколку работниците би биле вработени директно од страна на истиот работодавач за извршување на истата работа.

Секое лице има право на вработување, без какви било ограничувања, согласно со принципот на еднаков третман, утврден со Законот за работните односи и со друг закон.

Согласно со принципот на еднаков третман, забранета е дискриминација при вработување по основ на раса, боја на кожа, пол, возраст, здравствена состојба, односно инвалидност, религиозно, политичко или друго убедување, членување во синдикатите, национално или социјално потекло, статус на семејство, имотна состојба, половата насоченост или поради други лични околности.

Член 3-в

Одредбите од прописите за работните односи , прописите за безбедност и здравје и при работа и прописите за еднаков третман на жените и мажите што се однесуваат за заштита на жените за време на бременост, раѓање, родителство и нега на дете, заштита на децата и младите лица се однесуваат и на отстапените агенциски работници од Агенција за привремено вработување на работодавач корисник.

Член 3-г

Работодавачот корисник е должен да ги информира отстапените агенциски работници за сите објавени огласи за слободните работни места кај работодавачот корисник, преку истакнување на јавните огласи и на видно место кај работодавачот корисник, за да ги осигури дека ја имаат истата можност за вработување на определено или неопределено време како и другите работници.

Работодавачот корисник треба да обезбеди еднаков пристап на отстапените агенциски работници до обуките и обуките предвидени за вработените кај работодавачот корисник, заради подобрување на нивните знаења и способности за вработување и напредувањето во работата.

Член 3-д

Во договорите за вработување не може да се утврдуваат одредби со кои се забранува или спречува склучување на договори за вработување меѓу работодавач корисник и отстапениот агенциски работник по неговото отстапување, а доколку договорите содржат вакви одредби истите се неважечки и ништовни.

Член 3-ѓ

Привремените агенциски работници имаат право на учество на свои претставници во телата кои ги претставуваат работниците, кои согласно со прописите се формираат кај работодавачот корисник на ист начин како тие да биле директно вработени од работодавачот корисник за истиот временски период.

## II. АГЕНЦИЈА ЗА ПРИВРЕМЕНИ ВРАБОТУВАЊА

Член 4

Агенцијата за привремени вработувања може врз основа на договор за отстапување на работник меѓу агенцијата и друг работодавач, да отстапи работник на друг работодавач корисник за вршење на привремени работи во случај на:

1) замена на привремено отсустен работник;
2) привремено зголемен обем на работа;
3) сезонска работа;
4) работа на проект;
5) специфични неконтинуирани работи кои не се дел од претежната дејност на работодавачот корисник и
6) непредвидливи краткотрајни активности што се јавуваат во вршењето на претежната дејност на работодавачот корисник.

Договор за отстапување на работник за вршење на исти привремени работи може да се склучи за време додека трае потребата, но не подолго од една година.

Агенцијата за привремени вработувања не смее да отстапува работник за вршење на исти работи кај ист работодавач без прекин или со прекин подолго од една година.

Член 5

Агенција за привремени вработувања може да основа физичко лице кое:

- има најмалку средно образование,
- не е во работен однос,
- располага со посебен, погоден минимален работен простор, кадар и опрема, согласно со закон,
- ќе обезбеди банкарска гаранција во висина утврдена со закон и

- ќе добие лиценца за вршење на привремени вработувања, согласно со овој закон.

Агенција за привремени вработувања може да основа и правно лице регистрирано согласно со Законот за трговските друштва кое ги исполнува условите утврдени со овој закон.

Агенцијата од ставот 2 на овој член не може да отстапува работници за привремени вработувања кај правното лице кое ја основало агенцијата и во со него капитално поврзани друштва.

Основачот на агенцијата за привремени вработување е и одговорно лице на агенцијата за привремени вработувања.

Лицата кои ги вршат работите на посредување за вработување во агенцијата за привремени вработувања треба да имаат високо образование.

Одговорното лице на агенцијата од ставот 4 на овој член го назначува основачот на агенцијата за привремени вработувања.

На странец може да се одобри вршење на привремени вработувања со наплата, само ако со државата чиј државјанин е постои реципроцитет во вршење на посредување со наплата за привремени вработувања.

Член 5-а

За добивање на лиценцата А агенцијата за привремени вработувања е должна да обезбеди деловен простор од најмалку $60m^2$, за лиценцата Б - најмалку $40m^2$, за лиценцата В - најмалку $20m^2$ за вршење на работите на привремени вработувања, кој ги исполнува санитарните и другите услови во согласност со прописите за безбедност и здравје при работа.

Како доказ за обезбедениот деловен простор барателот на лиценцата доставува доказ за сопственост или договор за закуп заверен од нотар.

Исполнувањето на просторните и техничките услови утврдени со овој закон го утврдува инспекторот на трудот, во рок од 15 дена од денот на уписот на агенцијата за привремени вработувања во Централниот регистар на Република Македонија.

Член 5-б

За добивање лиценцата А агенцијата за привремени вработувања е должна да има најмалку шест лица во работен однос на неопределено време, за лиценцата Б - најмалку четири во работен однос на неопределено време, а за лиценцата В - најмалку две лица во работен однос на неопределено време.

Бројот на лица во работен однос во агенцијата за привремени вработувања се докажува со доставување примерок од договорот за

вработување и М1/М2 образец од Агенцијата за вработување на Република Македонија, во рок од пет дена по уписот на агенцијата за привремени вработувања во Централниот регистар на Република Македонија, до министерството надлежно за работите од областа на трудот.

Член 5-в

За добивање на лиценца за вршење на привремени вработувања, потребно е агенцијата за привремени вработувања да располага и со неопходна канцелариска опрема за работа на вработените во агенцијата и за корисниците на услугите од агенцијата, како и директен телефон, факс и најмалку два компјутери со интернет врска.

Член 5-г

Лиценцата за вршење на привремени вработувања ја издава министерството надлежно за работите на трудот, на предлог на комисија составена од три члена назначени со решение од министерот надлежен за работите од областа на трудот.

Лиценцата за вршење на привремени вработувања се издава со важност од две години со можност за продолжување на секои две години, врз основа на барање на основачот – одговорното лице на агенцијата за привремени вработувања поднесено најдоцна 90 дена пред истекот на важноста на лиценцата, а по претходно извршен надзор од инспекторот на трудот за исполнување на условите за основање и работа на агенцијата утврдени со овој закон.

Член 5-д

Агенцијата за привремени вработувања се запишува во регистарот на агенциите за привремени вработувања во министерството надлежно за работите од областа на трудот, врз основа на барање на основачот – одговорното лице на агенцијата за привремени врботувања во кое се наведува името и презимето на основачот – одговорното лице, единствениот матичен број на граѓанинот, адреса и местото на живеење на одговорното лице, контакт телефон и електронска адреса, назив, адреса и седиште, контакт телефон, електронска адреса и предмет на работење на агенцијата за привремени вработувања.

Кон барањето од ставот 1 на овој член се доставуваат следниве документи:

- изјава за основање на агенцијата за привремени вработувања,
- изјава за основачот – одговорното лице на агенцијата за привремени вработувања,
- заверен потпис на нотар на основачот – одговорното лице на агенцијата за привремени вработувања,

- банкарска гаранција, согласно со типот на лиценцата кој се бара, во износ утврден во членот 6 од овој закон,
- доказ за исполнување на просторните, кадровските и техничките услови, согласно со овој закон.

По уписот на агенцијата во регистарот на агенциите за привремени вработувања министерството надлежно за работите од областа на трудот донесува решение врз основа на кое агенцијата се запишува и во Централниот регистар на Република Македонија и се стекнува со својство на правно лице.

Во регистарот од ставот 1 на овој член се запишува: реден број, број и датум на издавањето на лиценцата, типот на издадената лиценца, име, презиме, единствен матичен број на граѓанинот, адреса, место на живеење, контакт телефон и електронска адреса на основачот – одговорното лице на агенцијата за привремени вработувања, назив, адреса, седиште, контакт телефон и електронска адреса на агенцијата за привремени вработувања, времето на важење на лиценцата, времето на продолжување и времето на одземање на лиценцата.

Член 6

За основање агенција за привремени вработувања физичкото лице до министерството надлежно за работите на трудот приложува банкарска гаранција.

Висината на банкарската гаранција од ставот 1 на овој член изнесува:

1)за склучување од 250 до 500 договори за вработување - 30.000 евра, а над 500 договори за вработување - 50.000 евра во денарска противвредност пресметана според средниот курс на Народната банка на Република Македонија;

2) за склучување до 250 договори за вработување - 20.000 евра во денарска противвредност пресметана според средниот курс на Народната банка на Република Македонија и

3) за склучување до 100 договори за вработување - 10.000 евра во денарска противвредност пресметана според средниот курс на Народната банка на Република Македонија.

Банкарската гаранција од ставот 1 на овој член ќе биде активирана доколку агенцијата за привремени вработувања на работникот не му исплатила плата и не уплатила придонеси од плата повеќе од три месеца.

Приоритет во исплатата при активирање на банкарската гаранција имаат неплатените придонеси за пензиското и инвалидското осигурување.

Банкарската гаранција во цел износ или делумно се активира по доставување известување до банката која ја издала банкарската гаранција, од страна на министерството надлежно за работите на трудот кое известувањето го доставува по претходно добиено известување и записник од инспекцијата на трудот за неплатени плати и придонеси за пензиско и инвалидско осигурување од страна на агенцијата за привремени

вработувања.

Одредбите од ставовите 1, 2, 3, 4 и 5 на овој член се однесуваат на агенцијата за привремени вработувања основана од правно лице.

Член 7

Агенцијата за привремени вработувања може да врши работи на привремено вработување само во земјата, под услов тие работи да ги врши како единствена дејност.

Агенцијата за привремени вработувања не може да отпочне со работа пред добивањето на лиценца за вршење на привремени вработувања и пред уписот во Централниот регистар на Република Македонија.

Член 8

Агенцијата за привремени вработувања привремените вработувања ги врши со наплата на надоместок за услугите од работодавачот корисник.

Агенцијата за привремени вработувања не може да бара надоместок за услугите за привременото вработување од лицата кои ги вработува и отстапува на друг работодавач корисник.

Член 9

Лиценца за вршење на привремени вработувања на лицето од членот 5 став 1 на овој закон ја издава министерството надлежно за работите на трудот, со важност од две години, со можност за продолжување.

Министерството надлежно за работите на трудот издава:

1) лиценца А за склучување на над 250 договори за вработувања од страна на агенција за привремени вработувања;

2) лиценца Б за склучување до 250 договори за вработувања од страна на агенција за привремени вработувања и

3) лиценца В за склучување до 100 договори за вработувања од страна на агенција за привремени вработувања.

Лиценцата од ставот 1 на овој член се издава врз основа на поднесено писмено барање од физичкото лице основач до министерството надлежно за работите на трудот. Со барањето физичкото лице доставува документи со кои се потврдува исполнетоста на условите утврдени во членот 5 ставови 1 и 3 алинеја 1 и членот 6 ставови 2 и 3 на овој закон.

Лиценцата за вршење на привремени вработувања не може да се пренесе во целост или делумно на друго физичко лице.

Лиценцата за вршење на привремени вработувања престанува да важи и агенцијата за привремени вработувања се брише од регистарот од членот 5 став 1 од овој закон по службена должност:

- со денот на истекот на важењето на лиценцата, ако не било побарано продолжување на лиценцата согласно со овој закон или лиценцата не била продолжена поради неисполнување на условите утврдени со овој закон;

- ако во рок од пет дена од настанувањето на промените во врска со условите за добивање на лиценца за вршење на привремени вработувања агенцијата за привремени вработувања не го извести за тоа министерството надлежно за работите од областа на трудот;

- ако агенцијата за привремени вработувања привремените вработувања ги врши спротивно на овој закон;

- кога агенцијата за привремени вработувања не доставува примерок од склучените договори за вработување до инспекторот на трудот и Агенцијата за вработување на Република Македонија;

- ако на работниците со кои агенцијата за привремени вработувања склучила договори за вработување не им исплатила плата и уплатила придонеси од плата над три месеци, а за тоа не го известила инспекторот на трудот или платата не ја исплатува, согласно со закон, колективен договор, договорот за отстапување на работник и договорот за вработување;

- кога агенцијата за привремени вработувања ќе ја промени адресата и седиштето, а за тоа во рок од пет дена не го извести министерството надлежно за работите од областа на трудот, заради промени во регистарот на агенциите за привремени вработувања и Централниот регистар на Република Македонија

Лиценцата мора да биде истакната на видно место во просториите на агенцијата за привремени вработувања.

Министерството надлежно за работите на трудот води посебна евиденција за издадените и одземените лиценци за вршење на привремени вработувања за вршење привремени работи.

Член 9-а

(1)Лиценцата од членот 9 од овој закон министерството надлежно за работите на трудот ја издава во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето со потребната документација за издавање на лиценцата.

(2) Доколку министерството надлежно за работите од областа на трудот не ја издаде лиценцата, односно не донесе решение за одбивање на барањето за издавање на лиценцата во рокот од ставот (1) на овој член, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена од истекот на тој рок да поднесе барање до писарницата на министерот надлежен за работите од областа на трудот заради донесување на решение од страна на министерот надлежен за работите од областа на трудот.

(3) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (2) на овој член ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот.

(4) Министерот надлежен за работите од областа на трудот е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесувањето на барањето од ставот (2) на овој член до писарницата на министерот надлежен за работите од областа на трудот да донесе решение со кое барањето за издавање на

лиценцата е уважено или одбиено. Доколку министерот надлежен за работите од областа на трудот нема писарница барањето се поднесува во писарницата на седиштето на министерството надлежно за работите од областа на трудот.

(5) Кон барањето за донесување на решение од ставот (2) на овој член подносителот на барањето доставува и копија од барањето за издавање на лиценцата од ставот (1) на овој член.

(6) Доколку министерот надлежен за работите од областа на трудот не донесе решение во рокот од ставот (4) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(7) Државниот управен инспектор е должен во рок од десет дена од денот на приемот на изестувањето од ставот (6) на овој член да изврши инспекциски надзор во Министерството надлежно за работите од областа на трудот и да утврди дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го извести подносителот на барањето за утврдената состојба при извршениот надзор.

(8) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува министерот надлежен за работите од областа на трудот во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го уважи или одбие барањето и за превземените мерки во истиот рок да го извести инспекторот и да му достави примерок од актот со кој е одлучено по барањето.

(9) Доколку министерот надлежен за работите од областа на трудот не одлучи во рокот од ставот (8) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управна инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој министерот надлежен за работите од областа на трудот ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучувал по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена го информира подносителот на барањето за превземените мерки.

(10) Доколку министерот надлежен за работите од областа на трудот не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (9) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(11) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (7) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, приговорот се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот упраен инспекторат.

(12) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот да го разгледа приговорот од ставот (11) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето од ставот (6) на овој член или

не поднел пријава согласно со ставот (10) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управна инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во министерството надлежно за работите од областа на трудот дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за превземените мерки.

(13) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (12) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за превземените мерки.

(14) Во случајот од ставот (13) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(15) Во случајот од ставот (14) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за превземените мерки.

(16) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (12) на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(17) Доколку министерот надлежен за работите од областа на трудот не одлучи во рокот од ставот (10) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(18) Постапката пред Управниот суд е итна.

Член 10

Агенцијата за привремени вработувања не смее да склучува договори за вработување над бројот на договорите за кои е издадена лиценцата, за вршење на привремени вработувања, ниту за време подолго од времето на важењето на лиценцата за вршење на привремени вработувања и банкарската гаранција.

## III. ОТСТАПУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ПРИВРЕМЕНИ РАБОТИ

### 1. Договор за отстапување на работник на работодавач корисник

Член 11

Отстапувањето на работник за вршење на привремени работи се врши врз основа на договор за отстапување на работник кој го склучуваат агенцијата за привремени вработувања и работодавачот корисник.

Договорот за отстапување на работник задолжително се склучува во

писмена форма.

Договорот за отстапување на работник од ставот 1 на овој член содржи особено:

-податоци за договорените страни,

-број на работници кои се потребни на корисникот,

-потребните квалификации на работниците за извршување на работите,

-периодот за кој се бара отстапување на работникот,

-местото во кое ќе се извршуваат работите,

-видот на работите кои ќе ги врши отстапениот работник,

-лице овластено од корисникот за застапување на работниците,

-начин и период во кој корисникот е должен да обезбеди средства за плата, придонеси за социјално осигурување и други додатоци и надоместоци, согласно со закон и колективен договор,

-обврска на корисникот да достави на агенцијата за привремени вработувања извештај за остварени ефективни работни часови на работникот и да ги наведе прописите кои кај работодавачот се применуваат за утврдување на платата, периодот и начинот на уплатата,

-висината на надоместокот за услугите на агенцијата за привремени вработувања,

-обврските на корисникот за исплата на додатоците и надоместоците, согласно со закон и колективен договор,

-обврска на работодавачот корисник да обезбеди исто ниво на заштита на здравје и безбедноста при работа на отстапениот агенциски работник како и за другите работници и

-условите и начинот на користењето на одмори и отсуства на отстапениот работник, согласно закон и колективен договор.

Договор од ставот 1 на овој член не може да се склучи:

-за замена на работник кај корисникот за време на штрајк,

-ако корисникот во претходниот период од шест месеци од деловни причини им го откажал договорот за вработување на работниците кои работеле на работите за кои се бара отстапување на работник и

-за отстапување на работник на друга агенција за привремени вработувања или од еден на друг корисник.

Член 12

Договорот за отстапување на работник се склучува во писмена форма.

Примерок од секој склучен договор за отстапување на работник се чува во работните простории на агенцијата за привремени вработувања и на работодавачот корисник.

Примерок од секој склучен договор за отстапување на работник агенцијата за привремени вработувања е должна да достави до инспекцијата на трудот и до Агенцијата за вработување на Република Македонија во рок од пет дена од денот на склучувањето на договорот.

Инспекцијата на трудот врши инспекциски надзор над работењето на агенциите за привремени вработувања.

## 2. Договор за вработување

Член 13

Во согласност со договорот за отстапување на работник, пред отстапувањето на работник на работодавач корисник, агенцијата за привремени вработувања склучува договор за вработување со работникот кој се отстапува на работодавачот корисник.

Договорот од ставот 1 на овој член задолжително содржи:

-податоци за договорните страни,

-време за кое работникот се отстапува на работодавачот корисник (времетраење на договорот за вработување),

-дата на почеток и завршеток на работата кај корисникот,

-точен назив и седиште на работодавачот корисник,

-местото на извршување на работата,

-работите кои работникот ќе ги врши кај работодавач корисник,

-работното време (дневно и неделно),

-висината на платата, придонесите од плата, надоместоците, периодот и начинот на исплата и

-обврските на агенцијата за привремени вработувања спрема работникот во времето кога е отстапен на корисникот.

Одредбите за договорот за вработување на Законот за работните односи соодветно важат и се применуваат и при склучувањето на договор за вработување од ставот 1 на овој член.

Член 14

Платата на отстапениот работник не може да биде помала од платата на работник кај работодавачот корисник на исти работи, а ако таков работник нема од платата на работник на слични работи од соодветната дејност.

Член 15

Работодавачот корисник во однос на отстапениот работник се смета за работодавач во смисла на примената на одредбите од овој закон и други закони и прописи со кои е уредена здравје и безбедност при работа и е одговорен за здравје и безбедност при работа на отстапениот работник.

Член 16

Отстапениот работник е должен работата да ја врши согласно со упатставата на работодавачот корисник.

Работодавачот корисник и работникот се должни да ги почитуваат одредбите од овој закон, друг закон и колективен договор кои го обврзуваат работодавачот корисник во врска со правата и обврските непосредно поврзани со извршувањето на работите.

Доколку работодавачот корисник ги прекршува обврските од ставот 2 на овој член отстапениот работник има право да одбие работа.

Отстапениот работник има право да ја одбие работата и во случај:

-работодавачот корисник да не му обезбеди здравје и безбедност при работа, согласно прописите и

-да го преотстапи на друг работодавач корисник, спротивно на овој закон.

Отстапениот работник за одбиената работа од ставовите 3 и 4 на овој член е должен писмено да ја извести агенцијата за привремени вработувања и инспекцијата на трудот.

Член 17

Договорот за вработување агенцијата за привремени вработувања или отстапениот работник можат да го раскинат предвреме:

-со писмено известување пет дена однапред за договори за вработување склучени до 30 дена и

-со писмено известување десет дена однапред за договори за вработување склучени над 30 дена.

Престанок на потребата за работникот кај работодавачот корисник пред истекот на рокот наведен во договорот не може да биде причина за раскинување на договорот ниту меѓу работодавачот корисник и агенцијата за привремени вработувања ниту меѓу агенцијата за привремени вработувања и работникот.

## IV. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 18

Глоба во износ од 1.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок за агенцијата за привремени вработувања, ако:

1)привремените вработувања ги врши спротивно на членовите 3, 4, 5 и 6 од овој закон;

2) лиценцата за вршење привремени вработувања не ја истакнал на видно место во просториите на агенцијата (член 9 став 6);

3) склучи договори за вработувања над бројот на договорите за кои е издадена лиценцата (член 10);

4) привремените вработувања ги врши спротивно на членовите 7 и 8 став 2 на овој закон;

5) привременото вработување на работник се врши спротивно на членовите 11 и 12 став 1 на овој закон;

6) примерок од секој договор за отстапување на работник не чува во работните простории на агенцијата, не достави до инспекцијата на трудот (член 12 ставови 2 и 3);

7)не е склучен договор за вработување пред отстапувањето на работникот на работодавачот корисник и договорот не содржи одредби во смисла на членот 13 од овој закон и

8) на отстапениот работник не му се обезбеди плата согласно со членот 14 на овој закон.

Глоба во износ од 800 до 1.200 евра во денарска противвредност ќе му се

изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член на одговорното лице во агенцијата за привремени вработувања.

Член 19

Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на работодавачот корисник ако не обезбеди средства за плата, придонеси од плата, надоместоци, надоместок за услугите за посредување и извештај за остарени ефективни работни часови  и не ги исполнува обрските во поглед на здравје и безбедност при работа на отстапениот работник (членови 11, 14 и 15).

Глоба во износ од 800 до 1.200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот 1 на овој член на директорот, односно друго одговорно лице кај работодавачот корисник.

Покана за плаќање на глобата од ставот 2 на овој член на сторителот на прекршокот ќе му врачи инспекторот за трудот на местото на прекршокот.

Член 19-а

Ако инспекторот на трудот утврди дека е сторен прекршок од членовите 18 и 19 на овој закон, е должен на сторителот на прекршокот да му предложи постапка за порамнување согласно со Законот за прекршоците.

За прекршоците од членовите 18 и 19 на овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.

Член 19-б

Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на:

1) работодавачот корисник ако на отстапениот работник не му ги обезбеди основните услови за работа за времетраењето на неговото отстапување, исто како и за другите работници вработени кај работодавачот корисник ( член 3-б став 1);
2) агенцијата за привремени вработувања ако барателот на вработување или привремениот агенциски работник го стави во нееднаква положба, согласно со принципот за еднаков третман, утврден со Законот за работните односи, овој и друг закон ( член 3-б ставови 2 и 3);
3) работодавачот корисник ако не ги информира отстапените агенциски работници за слободните работни места кај работодавачот корисник и не им обезбеди пристап до обуките и обуките предвидени за вработените кај работодавачот корисник ( член 3-г ставови 1 и 2) и
4) работодавачот корисник, односно на агенцијата за привремени вработувања ако во договорите за вработување склучени меѓу работодавач корисник и отстапениот агенциски работник се утврдени одредби со кои се забранува или спречува склучување на договори за вработување помеѓу работодавач корисник и отстапениот агенциски работник ( член 3-д).

Глоба во износ од 500 до 800 евра, во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот 1 на овој член на директорот, односно друго одговорно лице кај работодавачот корисник, односно кај агенцијата за привремени вработувања.

Член 19-в

Доколку при вршењето на инспекциски надзор инспекторот на трудот утврди дека е сторена неправилност од член 19-б став 1 точки 1, 2, 3 и 4 на овој закон, е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во рок од осум дена и со истовремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или работодавачот каде е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ги пропишува министерот надлежен за работите од обласа на трудот.

Едукацијата ја организира и спроведува Државниот инспекторат за труд во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за еден или за повеќе работодавачи.

Доколку во закажаниот термин лицето или работодавачот над кој се спроведува едукација не се јави на едукацијата ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

Доколку лицето или работодавачот над кои се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

Доколку инспекторот на трудот при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од ставот 1 на овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекциски надзор.

Доколку инспекторот на трудот при спроведување на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот 1 на овој член, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред прекршочна комисија.

Државниот инспекторат за труд, води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот надлежен за работите од обласа на трудот.

Член 19-г

Министерството за труд и социјална политика - Државниот инспекторат за труд за извршените контроли изготвува квартални извештаи и ги објавува на веб страниците на Министерството за труд и социјална политика и на Државниот инспекторат за труд, на унифициран квартален преглед.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 20

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за младинските задруги ("Службен весник на СРМ" број 28/88).

Член 21

Министерот надлежен за работите на трудот актот од членот 5 став 5 на овој закон ќе го донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 22

Постојните младински задруги се должни да се реорганизираат и да го усогласат своето работење со овој закон во рок од три месеци од денот на неговото влегување во сила, во спротивно се бришат од регистарот.

Член 23

(член 8 од Законот објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10)

Во членот 11 став 3 алинеја 11, членот 15, членот 16 став 4 алинеја 1 и членот 19 зборовите "заштита при работа" се заменуваат со зборовите "здравје и безбедност при работа".

Член 24

(член 8 од Законот објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10)

Подзаконскиот акт предвиден со овј закон ќе се донесе во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 25

(член 2 од Законот објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр. 136/11)

Подзаконскиот акт од членот 9-а став (3) од овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.
По донесувањето на подзаконскиот акт од ставот 1 на овој член истиот веднаш, а најдоцна во рок до 24 часа се објавува на веб страницата на Министерството надлежно за работите од областа на трудот.

Член 26

(член 8 од Законот објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр. 39/13)

Постојните агенции за привремени вработувања се должни да го усогласат своето работење со овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, во спротивно ќе престане со важност нивната лиценцата за вршење на привремени вработувања издадена пред влегувањето во сила на овој закон.